**ДП. бр. 332**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр. 09-4102/1 од Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Х.Ј., на ден 23.11.2012 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител Х.Ј. именуван за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје со адреса на бул. _________ бр.______ Скопје за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 4 од Законот за извршување и по чл. 54-г став 1 алинеја 17 од Законот за извршување

ЗАТОА ШТО Извршителот Х.Ј. не водел евиденција во писмена форма со подредување на бројот на извршувања во Именикот на доверителите и евиденција со подредување на бројот на извршувањата во Именикот на должниците со кои дејствија извршителот Х.Ј. постапил спротивно на чл.45 став 1 од ЗИ и член 2 и 3 став 1 алинеја 5 и 6 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување со што сторил дисциплинска повреда по член 54-г став 1 алинеја 4 од ЗИ: „неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води , а која не засега во правата на странките" и затоа што Извршителот не му издал на неговиот заменик Извршител А.П. именуван со Решение на Министерот за правда бр.09-4556/2 од 06.12.2010 година овластување да располага со редовната и посебната сметка со што постапил спротивно на чл.48 став 6 од ЗИ со што сторил дисциплинска повреда по чл.54-г став 1 алинеја 17 од ЗИ: „не му издава овластување на заменик извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка".

па согласно чл. 54-б став 2 и со примена на правилата на казнено право за вонредно ублажување на казната **му се изрекува** единствена парична казна во висина од 3000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршител Х.Ј. од Скопје утврдената парична казна да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлука

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-4102/1 е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот врз основа на извештај за спроведен редовен надзор врз работата на извршителот бр.09-3367/1 од 10.09.2012 година. Предлагачот наведува дека извршителот во текот на 2012 година не водел евиденција во писмена форма со подредување на бројот на извршувањата во Именик на доверители и Именик на должници што е спротивно на член 45 став 1

од ЗИ и член 2 и 3 став 1 алинеја 5 и 6 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување (Сл.весник на РМ бр.117/05). Исто така во предлогот се наведува дека при спроведениот надзор на ден 24.08.2012 година се утврдило дека со Решение на Министерот за правда бр.09-4556/2 од 06.12.2010 година извршителот А.П. од Скопје е именуван за заменик извршител на извршителот Х.Ј., а извршителот до ден на надзор не му имал издадено на неговиот заменик овластување да располага со неговата редовна и посебна сметка со што постапил спротивно на член 48 став 6 од Законот за извршување каде е предвидено дека извршителот истовремено со именување на неговиот заменик да му издаде и овластување за располагање со неговата редовна и посебна сметка.

Извршителот Х.Ј. од Скопје во своја одбрана на главен претрес наведе дека видно од Извештајот бр.09-3368/1 од 10.09.2012 од Министерство за правда може да се утврди дека е нотирано дека евиденцијата на извршителот во најголем дел е внесувана уредно, со забелешка дека во Именикот на должници и Именикот на доверители не е водена ажурно евиденцијата, па појасни дека сите книги биле уредно водени, меѓутоа заради голем обем на работа и голем прилив на судски предмети во текот на 2012 година имало мал застој при заведување на овие две книги. Напомена дека во моментот сите неправилности кои биле констатирани од Министерството за правда биле отстранети.
Во поглед на втората повреда, извршителот наведе дека е точна констатацијата да во момент на надзор му немал дадено овластување на заменикот за сметките меѓутоа се работи за дополнително исполнета обрска . Извршителот појасни дека ценел да во периодот за кој се работи не се укажала потреба и не било неопходно овластувањето на заменикот а не станува збор за немање волја од страна на извршителот истото да се даде, што дополнително било сторено, а во меѓувреме немало последици.
Извршителот и доставувам на увид на Дисциплинската Комисија допис до Министерството за правда од 10.09.2012 со кој го известува министерството за издаденото овластување од ден 06.09.2012 година на заменикот А.П. за располагање со редовната и посебна сметка во банка .

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 19.11.2012 година, ги дозволи и изведе следните докази:

Извештај за извршен надзор УПП.бр.09- 3367/1 од 10.09.2012 година ;
Решение за именување на заменик на извршител бр.09-4556/2 од 06.12.2010 година;
Известување од Х.Ј. од Скопје од 10.09.2012 година ;

Пријава на овластени лица за располагање со сметка во  Комерцијална банка од 06.09.2012
Пријава на овластени лица за располагање со сметка во Комерцијална банка од 06.09.2012
Пријава на овластени лица за располагање со сметка во  ТТК банка од 06.09.2012

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршител Х.Ј. од Скопје во текот на 2012 година не водел евиденција во писмена форма соподредување на брјот на извршувања во Именик на доверители според името и презимето на доверителите и евиденција со подредување на бројот на извршувања во Именик на должници според името и презимето на должниците.
Со Решение на Министерот за правда бр.09-4556/2 од 06.12.2010 година извршителот А.П. од Скопје е именуван за заменик извршител на извршителот Х.Ј.. На ден 06.09.2012 година извршителот Х.Ј. му издал на неговиот заменик овластување да располага со неговата редовна и посебна сметка во банка.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 4 од ЗИ со тоа што не ја водел уредно евиденцијата во писмена форма во Именикот на доверители и Именикот на должници што е спротивно на член 45 ст.1 од ЗИ, како е констатирано во Ивештајот на Министерството за рпавда бр.09-3367/1 од 10.09.2012 година при извршениот надзор на Извршителот Х.Ј. на ден 24.08.2012 со почеток во 11.30 часот.Оваа констатирана фактичка состојба од страна на Министерството за правда Извршителот во своја одбрана не ја спори, меѓутоа се оправдува дека поради презафатеност не успеал навремено да ја среди евиденцијата, а во моментот сите неправилности констатирани од страна на Министерството за правда се одстранети.

Исто така дисциплинската комисија утврди дека со Решението на Министерот за правда бр.09-4556/2 од 06.12.2010 година извршителот А.П. е именуван за заменик  на извршителот Х.Ј. од Скопје. Неспорно е дека дури на ден 06.09.2012 година по спроведениот надзор од Министерството за правда Извршителот Х.Ј. му издал овластување на неговиот заменик А.П. овластување да располага со неговата редовна и посебна сметка.Оваа околност Извршителот не ја спори, меѓутоа ја правда дека во периодот до моментот на издавање на полномошното не се укажала потреба и не било неопходно овластувањето на заменикот на Извршителот.Меѓутоа ваквата одбрана не е прифатена од Дисциплинската Комисија затоа што законските одредби

се децидни со што сторил повреда со тоа што спротивно на член 48 ст.6 не му издал овластување на замeникот извршител да располага со редовна и посебна сметка, со што извршителот ја сторил дисциплинската повреда која му се става на товар по член 54-г став 1 алинеја 17 од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека нема штетни последици од постапувањето на извршителот, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 23.11.2012 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител Х.Ј. од Скопје да плати на име парична казна износ во висина од 3.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.200002470422279 во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.